**Почитувани членови на ИОРРМ,**

Ве известуваме дека на веб страната на ИОРРМ постои дел за Online предавања. За да можете да ги следите предавањата кои ќе бидат објавени потребно е да постапите согласно подолу наведените чекори

## 1. Пристап до делот за online предавања

За да пристапите на овој дел, треба да кликнете на копчето кое се наоѓа најгоре десно на главната страна www.iorrm.org.mk (даден на сликата подолу).




## 2. Регистрација

Прво секој посетител (член на ИОРРМ) треба самиот да си креира профил на линкот **Регистрирај се!** (Даден на сликата подолу).

**Напомена:** Доколку претходно сте се регистрирале, треба да одите на чекор 4.




Ве молиме да внимавате на користење на латинична/кирилична поддршка при внесување на лозинката, бидејќи по регистрацијата можете да се најавите само доколку ја внесете лозинката онака како што е напишана при регистрацијата.

## 3. Активација на кориснички профил

Откако ќе ги внесете бараните информации се појавува порака



На Вашата е-маил адреса со која креиравте профил ќе пристигне линк за активација на истиот.

Потребно е да го отворите линкот за да го активирате профилот.

**Напомена:** Проверете дали пораката за потврда Ви стигнала во Junk или Spam.

4. **Откако ќе биде активиран профилот, членот може да се најави на порталот.**

5. **Испраќање на барање за слушање на предавање**

Откако ќе се најавите на делот за online предавања можете да испратите барање за слушање на предавање.

За да добиете дозвола за следење на предавањата, Ве молиме испратете барање до ИОРРМ. По одобрување на барањето од страна на ИОРРМ, ќе добиете е-маил дека барањето е одобрено и ќе имате пристап до предавањата).

Прво потребно е да кликенете на копчето Барање (слика подолу).




**6. Откако ќе го кликнете копчето ќе ви се отвори нова страница каде можете да изберете за кое предавање ќе испратите барање**

Тоа ќе го направите со избор на предавање од понудените во листата (доколку има активни предавања).




Изберете го предавањето и кликнете на копчето **Испрати Барање.**

**7. Откако ќе ви биде одобрено слушање на предавање истото можете да го следите на веб страната со најава во Online предавања.**

По најавата ќе можете да ги следите сите предавања кои се активни и за кои сте добиле дозвола за следење. До предавањето пристапувате со клик над почетниот

слајдер и насловот на предавањето кое автоматски ви се појавува на страната откако ќе ви биде одобрено слушање.




**9. Со клик на предавањето пренасочени сте на страна каде можете истото да го проследите.**

Во продолжение даден е пример на предавање со виедо снимка




Веднаш под видеото (или слајдот од презентацијата) има Копче линк - **Следен**. Со клик на овој линк сте пренасочени на следен дел (доколку постои). Ги слушате сите делови од предавањето (кликнувајќи на линкот Следен кој ве води на нареден дел).

Кога ќе бидат ислушани сите делови со клик на Следен, се отвара страна на која го има копчето - линк **Потврда** (прикажано на сликата подолу).




**Важна напомена: Неопходно е да го кликнете ова копче за да Ви биде евидентирано предавањето како проследено.**

**10. Заборавена лозинка**

Доколку сте ја заборавиле Вашата лозинка, кликнете на линкот Заборавена лозинка што се наоѓа на страницата за најава.




ИНСТИТУТ
НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ве молиме да не контактирате доколку ви се потребни дополнителни информации.